| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Будење на природата |
| **Содржина на денот** | Кокиченце, девојченце |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за топлата облека,физичкото растојание и одржување на лична хигиена со цел штитење на детското тело од вируси,настнки и бактерии. |
| **Активности** | Потсетете го детето на кокичето и поттикнете го да го опише неговиот изглед. Разговарајте за неговото стебло,зелените ливчиња и белите ливчиња, што му е потребно да расте, како се храни и каде расте.<br>Предложете му на Вашето дете да печати кокиче. За оваа ликовна игра ќе ви биде потребно лист од блок, бела и зелена темперна боја. Најпрвин Вие на лист од блок нацртајте му контура на кокиче. Обидете се детето со прсте да го печати кокичето, притоа насочете го правилно каде да печати со зелена, а каде со бела боја. Откако изработката ќе биде готова пофалете ја и ставете ја на некое видно место.<br>За релаксација слушајте ја песничката „Кокичиња" од детскиот фестивал Поточиња -2006, и уживајте! |